**Број: 6299/4**
**Датум: 09.12.2022 година**

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Државниот секретар на Министерството за транспорт и врски донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по Интерен оглас 03/2022 за унапредување на административни службеници во Министерството за транспорт и врски**

1. Кандидатот **Мунир Мемеди**, по пат на интерен оглас број 03/2022 се избира за работно место **УПР 01 01 В01 000 Советник – внатрешен ревизор** во Одделение за внатрешна ревизија - 2 (два) извршители.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас број 03/2022 со број 04-6516/11 од 06.12.2022 година.

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа Одлука.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на добиено Известување број 18-10816/2 од 07.11.2022 година од Министерството за финансии, Државниот секретар упати Барање со број 04-6254/1 од 17.11.2022 година за отпочнување на постапка за унапредување на 4 (четири) административни службеници во Министерството за транспорт и врски. На ден 21.11.2022 година беше објавен интерен оглас број 03/2022 за унапредување на 4 (четири) административни службеници во Министерството за транспорт и врски, објавен на веб страната на Министерството за транспорт и врски и на веб страната на Агенцијата за администрација.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, од страна на Државниот секретар беше формирана Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана со Решение со број 02-6516/1 од 01.12.2022 година.

Комисијата направи административна селекција на пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството

за транспорт и врски за што состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 03/2022 за унапредување на административните службеници со број 04-6516/10 од 05.12.2022 година.

По спроведеното интервју Комисијата состави Записник од спроведување на интервјуто и изготви Финална ранг листа на интервјуиран кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 03/2022, со број 04-6516/11 од 06.12.2022 година.

Врз основа на ранг листа, Државниот секретар во Министерството за транспорт и врски донесе Одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, ќе се донесе Решение за унапредување за именуваниот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
МИТКО ТРАЈЧУЛЕСКИ

Доставено до:
- Именуваниот;
- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Архива.

Изработил: Билјана Мојсовска Милеска
Проверил: Анита Војновска Наумовска


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk